РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
СКОПЈЕ

| Примено: 28.06.2012 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прил. | Вредност: |
| 08 | 224/4 | | |


У-5.бр.947/2010

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите Виолета Богојеска - претседател на совет и судиите Даниела Антовска и М-р Есма Алибашиќ Јонуз - членови на советот, со записничар Лепосава Веноска - Виш судски соработник, решавајќи по тужбата на тужителот Авто Мото Друштво “ШТИП“ од Штип, против Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата бр.08-195/25 од 19.07.2010 година, за заштита на конкуренција, на седницата одржана на 12.04.2012 година, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

Тужбата на Авто Мото Друштво “ШТИП“ од Штип, против Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата бр.08-195/25 од 19.07.2010 година СЕ ОТФРЛА КАКО НЕНАВРЕМЕНА.

## О б р а з л о ж е н и е

Тужителот со тужба за управен спор го оспори во целост решението на тужениот орган означено во диспозитивот на пресудата, поради погрешно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог истото да се поништи.

Тужениот орган во одговор на тужба предложи тужбата на тужителот да се отфрли како ненавремена, а воедно остана кон наводите изнесени во оспореното решение.

По претходно разгледување на тужбата судот најде:

Тужбата е ненавремена.

Видно од списите на предметот доставени од Комисијата за заштита на конкуренцијата, Решението 08-195/25 од 19.07.2010 година, уредно е примено од страна на тужителот Авто Мото Друштво “ШТИП“ од Штип на ден 22.07.2010 година. Тужителот имал право да поведе управен спор пред Управниот суд Скопје во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение. Рокот од 30 дена истекувал на 21.08.2010 година (сабота), а тужбата е предадена во Судот по пат на препорачана пратка по пошта на ден 25.08.2010 година. Од изнесеното, јасно произлегува дека тужбата е поднесена по истекот на рокот од 30 дена предвиден со закон и определен во правната поука на решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 20 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/06 и 150/10), тужбата се поднесува во рок од 30 дена од денот на доставувањето на управниот акт до странката.

Согласно член 21 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/06 и 150/10), тужбата му се предава на Управниот суд непосредно или му се испраќа по пошта.

Согласно член 26 став 1 точка 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/06 и 150/10), Управниот суд со решение ќе ја отфрли тужбата, ако утврди дека тужбата е поднесена ненавремено. Согласно став 2 од истиот член, Управниот суд ќе ја отфрли тужбата во секој стадиум на постапката.

Со оглед на наведеното, следуваше Судот да одлучи како во изреката на ова решение.

Решено во Управниот суд на ден 12.04.2012 година, под У-5.бр.947/2010.

Записничар -
Виш судски соработник
Лепосава Веноска с.р.

Претседател на советот - Судија
Виолета Богојеска с.р.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на решението преку овој суд до Виш Управен суд.

ИК/